

# „Субверзија во црвено“ ќе ја претставува Македонија на ликовната изложба во Венеција

29/01/2019 - 9:16 ВЕСТИ, КУЛТУРА

Национален претставник на 58. Интернационална ликовна изложба во Венеција ќе биде проектот на Музејот на современата уметност „Субверзија во црвено“ од авторката Нада Прља, соопшти Министерството за култура.

Одлуката ја донела комисија во состав: професор Мирко Вујисиќ, професор Тони Васиќ и Имер Бајрами.

До Министерството пристигнале уште 3 пријави на НУ Национална галерија на Македонија за проектот „Мирисот на лебот“ од авторот Нехат Беќири, на Музејот на град Скопје за проектот „A-Reaction“ од авторката Марија Павловска и самостојниот проект „Че биде“ од авторот Игор Јосифов.

Од Министерството информираат дека при увидот во пријавите, Комисијата утврдила дека проектот на НУ Национална галерија на Македонија не ги исполнува условите пропишани во конкурсот и токму затоа проектот на Нехат Беќири не бил земен предвид во натамошниот процес на разгледување и одлучување.

нотирани во конкурсот. Сепак, со особено внимание комисијата го издвоила проектот на авторката Нада Прља, кој, според тематската одредница и методологијата во уметничкиот пристап низ неконвенционалните методи, е актуелен и интернационално референтен проект во културениот контекст и во однос на темата на биеналето.

„Комисијата, исто така, ги зеде предвид и квалитетите и искуството на авторката со учество и изведба на дела со сличен контекст, кои се многубројни и имаат освоено награди и признанија на меѓународната сцена. Истовремено, комисијата изрази уверување дека и соработниците што се вклучени во реализацијата на проектот, во однос на уметничката критика и стручност, имаат големо интернационално искуство, особено во претходните учества на оваа манифестација“, се вели во соопштението од Министерството за култура.

Венецискиот биенале годинава ќе се одржува од 9 мај до 24 ноември. Куратор на годинашното издание на биеналето е Ралф Ругоф, кој ја утврди и генералната тема на манифестацијата: „Може да живееш во